# НАЈЧЕСТО ПОСТАВУВАНИ ПРАШАЊА ВО ЕДУКАЦИЈАТА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

**Дали е подобро младите да учат за одговорностите, место за правата?**



*- Треба подеднакво да се нагласи значењето и на правата и на одговорностите.*

**Што ќе се случи ако учесниците постават прашање на кое не знам да одговорам?**



*- Никој не може да ги знае сите одговори!*

**Што да правам ако немам фотокопир или доволно материјали?**

**-** *Бидете креативни и вешти во изнаоѓање на сопствени решенија.*

**Дали е владата одговорна да обезбеди едукација за човекови права?**



*- Државите членки на ОН се обврзани да ја промовираат едукацијата за човекови права во сите форми на учење.*

**Како да одберам активност?**

*- Активноста треба да има ниво на сложеност, соодветно за вас и вашата група и таа треба да се вклопува во предвидениот распоред на активности.*

**Дали е подобро да работам сам или заедно со друг тренер?**

**-***Секогаш кога е можно, работете со друг тренер!*



**Што ако почувствувам опаѓање на енергијата кај учесниците?**

*- Во тој случај, направете кратка пауза или енергизирајте ги со некоја вежба.*

**На што треба да внимавам кога сакам да добијам повратна информација?**

*- Два клучни збора се значајни при добивањето повратна информација: „почит” и ”аргументи”.*



**Како да постапам, ако се појави отпор кај некој од учесниците?**

**-** *Најдобро би било ако проблемот „се отвори” пред целата група и да се направи обид да се најде заедничко решение.*